Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Financave**

- Сектор за правни работи -

Архивски број: 03-13396/1
Датум: 29-12-2022

Друштво за производство, трговија и усл. СЕМАКС-ГЕНЕРАТОРИ ДОО увоз-и. Бр. 0307-11/23 03 01 2023 год. СКОПЈЕ

ДОГОВОР
за јавна набавка на услуги - одржување на дизел агрегат

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од Dr.Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2. Друштво за производство, трговија и услуги СЕМАКС-ГЕНЕРАТОРИ ДОО увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. Кумановска бр.5, Скопје, претставувано од управителот Ангелина Митровска, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на договорот за јавна набавка е одржување на дизел агрегат - PRAMAC, модел GSW510V и тип SC451TWAR0W на Министерството за финансии, кој се наоѓа на ул. Даме Груев бр.12, Скопје, во се според Техничките спецификации (Прилог 2 кон договорот) и прифатената Понуда од страна на договорниот орган, а по спроведена постапка за набавка од мала вредност, по оглас бр. 19663/2022.

Одржувањето опфаќа:
- Редовно (месечно) одржување на дизел агрегатот,
- Годишен редовен сервис на дизел агрегатот и
- Вонредно сервисирање на дизел агрегатот (интервенција по повик од страна на договорниот орган).

## II. НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 2

1. Месечното редовно одржување опфаќа месечни прегледи кои вклучуваат:
- проверка на системот за гориво;
- проверка на состојбата на акумулаторот, терминалите и врските со акумулаторот;


Министерство за финансии Република Северна Македонија | Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut | Ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје | Rr. „Dame Gruev" nr.12, Shkup | +389 2 3255 637 www.finance.gov.mk

- комплетна контрола на мотор, нивото на масло, системот за филтрирање на воздух (чистење на филтер по потреба), издувен систем и друго;
- контрола на генератор;
- испитување на автоматика на контролен ормар и останатата агрегатска електрична инсталација;
- оптоварување и тестирање при оптоварување на агрегатот;
- контрола на вентилација на заштитниот контејнер на агрегатот;
- испитување на сите заштити на мотор и генератор;
- проверка на резервоарот и по потреба дополнување на резервоарот со гориво;
- проверка на контролен систем за автоматско вклучување/исклучување;
- проверка со мерна шипка на ниво на масло;
- проверка на количина на течност за ладење;

2. Годишниот сервис опфаќа :

- зафати опфатени со месечен преглед;
- промена на филтер за масло;
- промена на моторно масло тип SAE 15W/40;
- проверка на придушувач на излезниот дел за согорени гасови;
- проверка на триполен главен прекинувач;
- промена на филтер за гориво;
- контрола и чистење на филтер за воздух;
- проверка на количина на течност за ладење;
- контрола на непропусност на системот за ладење, црева и останато;
- контрола на опремата за всисување на свеж воздух;
- контрола на непропусност на системот за гориво, црева и останато;
- контрола на системот за одсис на гасови;
- контрола на електричната инсталација на моторот;
- контрола на акумулаторската батерија;
- контрола на клинестиот каиш;
- контрола на споевите на енергетските кабли на генераторот;
- контрола на системот за старт на генераторот;
- подмачкување на лежиштата на генераторот;
- контрола на работа на автоматиката на командниот ормар;
- контрола на работа на заштитата на дизел моторот;
- контрола на работа на заштитата на генераторот;
- контрола на работа на полначот на акумулаторските батерии;
- проба на работата на електроагрегатот;
- проверка на дигитален контролен панел за автоматски старт ( проверка во неработен ден – вклучување заедно со алтернатор при исклучено мрежно напојување во зградата); и

- проверка на интелигентен трансфер панел (мрежно агрегатска преклопка).

3. Вонредното сервисирање по повик опфаќа вонредни интервенции кои вклучуваат:

- интервенции поради отстранување на дефект;
- интервенции поради оштетувања настанати од временски непогоди, како последица на лошо ракување со агрегатот или друга причина која довела до застој на работењето на агрегатот и агрегатската инсталација;
- позначајни интервенции како што се:
- парцијален ремонт (чистење на вентилите и нивните лежишта, проверка и подесување на аголот на палење, притегнување на главата на моторот, проверка на зазорот помеѓу клипот и клипницата, проверка на брегастата осовина и радилицата);
- генерален ремонт (обработка или замена на цилиндрите, замена на клиповите, лагерите, прстените на клиповите, лежиштата или водилките на вентилите);
- останато одржување и
- сите останати интервенции кои не се опфатени во редовното тековно одржување.

Во случај на итен повик, односно на барањето за дополнително вонредно сервисирање од договорниот орган, во работни денови од 08:00 часот до 17:00 часот, да интервенира во рок не подолг од 3 часа, а во неработни денови да интервенира во рок не подолг од 12 часа и да го санира или отстрани дефектот во најкраток можен рок.

Вонредното сервисирање ќе се наплатува по работен час по повик.

За извршување услуги со употреба на потрошни и резервни делови кои не се опфатени во листата на цени, носителот на набавката е должен да достави понуда (про-фактура). По нејзино прифаќање од страна на договорниот орган, ќе може да се пристапи кон извршување на услугата.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 3

Вкупната максимална вредност на договорот без пресметан данок на додадена вредност изнесува 200.000,00 денари.

Вкупниот износ на данок на додадена вредност изнесува 36.000,00 денари.

Вкупната максимална вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 236.000,00 денари.

Договорниот орган не е обврзан да ја реализира вкупната максимална вредност на договорот.

## IV. РАЗЛИКА ВО ЦЕНА (КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ)

### Член 4

Единечните цени за предметот на договорот од овој член се дадени во Прилог 1 на овој договор.

Единичните цени и вкупната максимална вредност од член 3 на овој договор се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот.

Во единечните цени дадени во Прилог 1 на овој договор, се вклучени сите трошоци на носителот на набавката (режиски трошоци и други трошоци), како и евентуалниот надоместок за секое доаѓање.

## V. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 5

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Услов за потпишување на договорот со избраниот најповолен понудувач е обезбедување гаранција од страна на избраниот најповолен понудувач за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 5% од максималната вредност на склучениот договор со пресметан ДДВ.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката ја доставува заедно со потпишаниот договор во рок од 5 (пет) работни дена од денот на добивање на договорот од страна на договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: по пошта или лично на лицето за контакт определено од страна на договорниот орган.

Со оваа гаранција носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го испорачува на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## VI. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 6

Договорниот орган плаќањето за редовното одржувањето на дизел агрегатот ќе го врши на месечно ниво во рок од 30 календарски денови од денот на приемот на фактурата во писарницата на Министерството за финансии, кон која носителот на набавката задолжително приложува извештај / работен налог за извршената работа, потпишан од лицето кое ја извршило истата и лицето

определено за следење на реализацијата на договорот од страна на договорниот орган.

Плаќањето за интервентно одржување и за замена на делови, договорниот орган ќе го врши во рок од 30 календарски денови од денот на приемот на фактурата во писарницата на Министерството за финансии, кон која носителот на набавката задолжително приложува извештај/работен налог за извршената работа, потпишан од лицето кое ја извршило истата и лицето определено за следење на реализацијата на договорот од страна на договорниот орган, како и понуда (профактура).

Извештајот/Работниот налог за извршената услуга задолжително мора да содржи податоци за видот на извршените услуги, видот на евентуално заменетите резервни делови и потрошни материјали.

Доколку фактурата не ги содржи сите податоци и прилози од став 1, став 2 и став 3 на овој член, нема да биде платена и ќе биде вратена на носителот на набавката на дооформување или докомплетирање.

Фактурата се доставува во писарницата на Министерството за финансии на ул.Даме Груев бр.12 во Скопје.

## VII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 7

Носителот на набавката е должен своите обврски да ги извршува стручно и квалитетно, врз основа на барањата на договорниот орган дефинирани во техничките спецификации кои се составен дел од овој договор и понудата прифатена од договорниот орган.

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишување на договорот да му достави на договорниот орган податоци (име и презиме, матичен број и број на лична карта) за лицата кои ќе бидат определени за реализација на предметната набавка.

### Член 8

Носителот на набавката се обврзува еднаш месечно да врши редовна комплетна контрола и преглед на дизел агрегатот, за што уредно води евиденција.

Носителот на набавката е должен да изврши 12 (дванаесет) месечни контроли на дизел агрегатот и да изврши интервенции по секој повик од страна на договорниот орган во текот на времетраењето на договорот.

Член 9

Носителот на набавката се обврзува и е должен во рамките на извршувањето на своите обврски да ги почитува следните правила:

- да ги смета барањата и интересите на договорниот орган кои се предмет на овој договор за приоритетни во секое време;
- да го извести договорниот орган за постоење на било каков конфликт на интереси кој би можел да влијае на перманентно извршување на набавката која е предмет на овој договор;
- своите совети и препораки да ги базира на темелно и непристрасно разгледување на фактичката состојба и сите релевантни факти;
- носителот на набавката се обврзува да го информира договорниот орган, веднаш, доколку се појават одредени околности кои би влијаеле на извршувањето на активностите кои се предмет на овој договор;
- во рамките на извршувањето на своите обврски блиску да соработува со вработените кај договорниот орган кои ќе бидат задолжени за реализација на договорот.

Член 10

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишувањето на договорот да обезбеди квалитетно и непрекинато извршување на услугата.

Носителот на набавката е должен за цело времетраење на договорот да ја има на залиха најнеопходната опрема наменета за нормално функционирање на дизел агрегатот.

Доколку при извршување на услугата од страна на носителот на набавката има потреба да се вградат резервни делови кои не се опфатени во техничките спецификации и за кои носителот на набавката нема понудено единични цени, носителот на набавката е должен на барање од страна на договорниот орган да достави понуда со спецификација и цени за потребните резервни делови/опрема и за бројот на работните часови кои се потребни за реализацијата на бараната услуга.

По прифаќањето на понудата од страна на договорниот орган, носителот на набавката е должен да ја изврши услугата барана од договорниот орган.

Носителот на набавката ја презема целокупната одговорност за транспорт на материјалите/опремата наменети за објектот - предмет на договорот со цел да се овозможи нормално функционирање на дизел агрегатот.

Доколку дојде до оштетување на истите при транспортот, носителот на набавката ќе ја надомести штетата.

Член 11

Носителот на набавката е должен да ги преземе сите обврски кои произлегуваат согласно Законот за заштита при работа и сите останати важечки

прописи кои се однесуваат за заштита, безбедноста и здравјето при работа на лицата кои се ангажирани за реализација на договорот.

Носителот на набавката е должен да се придржува кон сите технички, технолошки и противпожарни правила за целото времетраење на договорот.

Член 12

Во случај на проблем, определените лица од договорниот орган се должни дефектот или барањето за интервенција да го пријават преку телефон или по електронски пат.

Носителот на набавката се обврзува дека ќе се јави на секој повик од страна на договорниот орган и ќе ја изврши потребната интервенција во утврдениот рок.

По решавањето на проблемот, носителот на набавката ќе изготви извештај/работен налог со технички детали околу причината и начинот на решавање на проблемот.

Член 13

Носителот на набавката се обврзува дека услугите ќе ги врши квалитетно и во согласност со позитивните прописи за овој вид на услуга и важечките норми и стандарди за овој вид на услуги.

Носителот на набавката се обврзува дека одржувањето на дизел агрегатот за целото времетраење на договорот ќе го врши исклучиво сертифициран сервисер.

## VIII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 14

Договорниот орган се обврзува дека веднаш по сознавањето за било каков дефект на дизел агрегатот, ќе го извести носителот на набавката.

Договорниот орган се обврзува дека ќе му плати на носителот на набавката за извршената услуга според условите дефинирани во член 6 од овој договор.

Договорниот орган се обврзува да обезбеди непречен пристап до дизел агрегатот на ангажираните лица задолжени за реализација на договорот, до своите простории и до сите ресурси потребни за успешна реализација на предметот на договорот.

Договорниот орган се обврзува да определи лица за реализација на овој договор.

Договорниот орган се обврзува дека за време на траењето на овој договор нема сам или преку трето лице да го одржува дизел агрегатот, без претходно одобрување од носителот на набавката.

Договорниот орган се обврзува да обезбеди услови за вршењето на работите на одржувањето.

## IX. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 15

Договорот е со важност од 12 (дванаесет) месеци, сметано од 18.03.2023 година.

## X. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 16

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на договорните страни.

Член 17

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување на одредбите на договорот, а согласно со овој договор или закон.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување кон договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 18

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата од договорната страна која не ги исполнила своите обврски од договорот.

Член 19

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во рокот утврден со овој договор или не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може еднострано да го раскине договорот.

Доколку дојде до еднострано раскинување на договорот поради неисполнување на обврските од Договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатувањето на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 20

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Страната која бара раскинување на договорот поради променетите околности, должна е за својата намера да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го стори одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето не и било соопштено на време.

## XI. ВИША СИЛА

### Член 21

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон друга за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила дефинирана со Закон.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради настанување на виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.
По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 22

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на анекс на договорот, согласно со Законот за јавните набавки.

За сѐ што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и другите позитивни законски прописи.

### Член 23

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.


Министерство за финансии Република Северна Македонија | Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut | Ул. „Даме Груев“ бр.12, Скопје | Rr. „Dame Gruev“ nr.12, Shkup | +389 2 3255 637 www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.4/13-19 издание 4

Член 24

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 25

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
|---|---|
| Република Северна Македонија<br>Министерство за финансии<br>Скопје | Друштво за производство, трговија и услуги СЕМАКС-ГЕНЕРАТОРИ ДОО увоз-извоз Скопје |
| Dr. Fatmir Besimi<br>Министер за финансии | Ангелина Митровска<br>Одговорно лице |

Изработил: Даниела Донова Ризов
Контролирал: Даниела Јанкова
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Согласен: д-р Јелена Таст

ДПТУ ... производство, трговија ... СЕМАКС-ГЕНЕРАТОРИ ДОО увоз-извоз
Бр. 0307-546/22
21.11.2022 год
СКОПЈЕ

Прилог 1

# ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на оглас 19663/2022 објавен од страна на Министерството за финансии, за доделување на договор за јавна набавка на услуги – одржување на дизел агрегат на Министерството за финансии, со спроведување на постапка од мала вредност преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk) и на тендерската документација ја поднесуваме следнава:

## П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ДПТУ СЕМАКС ГЕНЕРАТОРИ ДОО СКОПЈЕ

I.2. Контакт информации:

-Адреса: ул.Кумановска бр.5 Скопје

-Телефон: 02-446300 или моб.тел.070-376-083

-Факс: 02-2446-300

-Е-пошта: semaxgeneratori@semaxgeneratori.com.mk

-Лице за контакт: Ангелина Митровска

I.3. Одговорно лице: Ангелина Митровска

I.4. Даночен број: 4030004501579

I.5. Матичен број на понудувачот: 5843812

I.6. Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка согласно со техничките спецификации.

Angelina Mitrovska
Digitally signed by Angelina Mitrovska
Date: 2022.11.21 10:08:11 +01'00'

Друштво за производство, трговија и услуги
СЕМАКО-ГЕНЕРАТОРИ ДОО увоз-извоз
Бр. 0307 - 547/22
21. 11. 2022 год.
СКОПЈЕ

**Дел II – ТЕХНИЧКА ПОНУДА**

**II.1.** Согласни сме да ви ја обезбедиме услугата одржување на дизел агрегат на Министерството за финансии за период од 12 (дванаесет) месеци во се според барањата дефинирани во техничките спецификации кои се составен дел од тендерската документација.

**Дел III - ФИНАНСИСКА ПОНУДА**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Кол | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) |
| Месечно редовно одржување | месечна интервенција | 12 | 2500,00 | 30.000,00 |
| Годишен сервис | годишна интервенција | 1 | 6.000,00 | 6.000,00 |
| Работен час по повик | час | 1 | 1000,00 | 1000,00 |
| Филтер за масло | парче | 1 | 2.100,00 | 2.100,00 |
| Филтер за гориво | парче | 1 | 1.100,00 | 1.100,00 |
| Филтер за воздух | парче | 1 | 1.300,00 | 1.300,00 |
| Масло за мотор | литар | 1 | 280,00 | 280,00 |

***Понудувачот ги пополнува задолжително сите полиња, во спротивно понудата ќе биде отфрлена како неприфатлива.***

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **41.780,00** *[со бројки]* **(Четириесетиеднаилјадаеседумстосумдесетденари)** *[со букви]* денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува **7.520,40** денари.

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација.
III.3. Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.
III.4. Ги прифаќаме начинот, местото и рокот за извршување на предметната услуга, наведени во тендерската документација.
III.5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со член 114 од Законот за јавните набавки.

Angelina Mitrovska

Digitally signed by Angelina Mitrovska
Date: 2022.11.21 10:06:25 +01'00'

Друштво за производство, трговија и услуги
СЕМАКС-ГЕНЕРАТОРИ ДОО увоз-извоз
Бр. 0307-545/22
21.11. 2022 год.
СКОПЈЕ

**Дел IV - СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА ПОНУДАТА:**

IV.1. Нашата понуда е составена од следниве делови:

1. ОПШТ ДЕЛ,

2. ФИНАНСИСКА ПОНУДА,

3. ПРИЛОЗИ

- Изјава за сериозност,
- Документ за докажување на способноста за вршење на професионална дејност

Место и датум

Скопје, 21.11.2022

Одговорно лице

Angelina Mitrovska

Digitally signed by Angelina Mitrovska
Date: 2022.11.21 10:09:38 +01'00'

(потпис)

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

## 8. Технички спецификации

Предмет на договорот е одржување на дизел агрегатот марка PRAMAC со следниве технички спецификации:

Тип: SC451TWAR0W
Сериски број: HEI0001116

Модел: GSW510V
Година: 2014

Мотор: Volvo TAD1345GE (AB Volvo Penta ,Sweden)
Алтенатор: MeccAlte ECO403S/4
Брзина: 1500: врт/мин

Сериски број : 2013464207
Сериски број : 1737659
Тежина : 4100 кг

Примарна моќност : 455 KVA
Режим на подготвеност : 506 KVA
Фрекфенција : 50 Hz
Номинален напон : 400 V

364 KV
405 KV
cosф : 0.8
Максимална струја : 730 A

Одржување на дизел агрегатот е за период од 12 месеци и опфаќа:

- месечно редовно одржување,
- годишен редовен сервис и
- вонредно сервисирање по повик.

1. Месечното редовно одржување опфаќа месечни прегледи кои вклучуваат:
   -проверка на системот за гориво;
   -проверка на состојбата на акумулаторот, терминалите и врските со акумулаторот;
   -комплетна контрола на мотор, нивото на масло, системот за филтрирање на воздух (чистење на филтер по потреба), издувен систем и друго;
   -контрола на генератор;
   -испитување на автоматика на контролен ормар и останатата агрегатска електрична инсталација;
   -оптоварување и тестирање при оптоварување на агрегатот;
   -контрола на вентилација на заштитниот контејнер на агрегатот;
   -испитување на сите заштити на мотор и генератор;
   -проверка на резервоарот;
   -проверка на контролен систем за автоматско вклучување/исклучување;
   -проверка со мерна шипка на ниво на масло и
   -проверка на количина на течност за ладење.

2. Годишниот сервис опфаќа:

-зафати опфатени со месечен преглед;

-промена на филтер за масло;

-промена на моторно масло тип SAE 15W/40;

-проверка на придушувач на излезниот дел за согорени гасови;

-проверка на триполен главен прекинувач;

-промена на филтер за гориво;

-контрола и чистење на филтер за воздух;

-проверка на количина на течност за ладење;

-контрола на непропусност на системот за ладење, црева и останато;

-контрола на опремата за всисување на свеж воздух;

-контрола на непропусност на системот за гориво, црева и останато;

-контрола на системот за одсис на гасови;

-контрола на електричната инсталација на моторот;

-контрола на акумулаторската батерија;

-контрола на клинестиот каиш;

-контрола на споевите на енергетските кабли на генераторот;

-контрола на системот за старт на генераторот;

-подмачкување на лежиштата на генераторот;

-контрола на работа на автоматиката на командниот ормар;

-контрола на работа на заштитата на дизел моторот;

-контрола на работа на заштитата на генераторот;

-контрола на работа на полначот на акумулаторските батерии;

-проба на работата на електроагрегатот;

-проверка на дигитален контролен панел за автоматски старт (проверка во неработен ден – вклучување заедно со алтернатор при исклучено мрежно напојување во зградата); и

-проверка на интелигентен трансфер панел (мрежно агрегатска преклопка).

3. Вонредното сервисирање по повик опфаќа вонредни интервенции кои вклучуваат:

-интервенции поради отстранување на дефект;

-интервенции поради оштетувања настанати од временски непогоди, како последица на лошо ракување со агрегатот или друга причина која довела до застој на работењето на агрегатот и агрегатската инсталација;

-позначајни интервенции како што се:

-парцијален ремонт (чистење на вентилите и нивните лежишта, проверка и подесување на аголот на палење, притегнување на главата на моторот, проверка на зазорот помеѓу клипот и клипницата, проверка на брегастата осовина и радилицата);

-генерален ремонт (обработка или замена на цилиндрите, замена на клиповите, лагерите, прстените на клиповите, лежиштата или водилките на вентилите);